Бр./Nr 12-4002/5
25-10-2023 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 94-тата седница одржана на 13.10.2023 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапката по предметот со број 12-8748/1 од 10.10.2022 година, оформен по доставена пријава со наводи за незаконитости во спроведување на постапка за јавна набавка на услуги за превоз на ученици, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека наводите од пријавата не се потврдуваат и нема елементи за натамошно постапување согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Предметот со број 12-8748/1 од 10.10.2022 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител на ден 10.10.2022 година поднесена е пријава во која се изнесени наводи за незаконитости во спроведување на постапка за јавна набавка на услуги за превоз на ученици и оформен е предмет број 12-8748/1 од 10.10.2022 година.

Наводите во пријавата се однесуваат на сомнежи за незаконитости во спроведување на постапка за јавна набавка на превоз на ученици од прва, втора, трета и четврта година на договорниот орган СОУ /// – ///, по оглас број 13779/2022 по која постапка бил склучен договор со економскиот оператор ///.

Во пријавата се изнесени наводи за нетранспарентно водење на постапката за јавна набавка од страна на договорниот орган СОУ /// – ///, со елементи на злоупотреба на службена должност и преклопување на дејности во рамки на водењето на постапката по јавната набавка со број /// и на постапката јавната набавка со број ///, за превоз на ученици од прва, втора, трета и четврта година.

Според изнесеното во пријавата, јавната набавка со број /// на ден 10.08.2022 година била поништена од страна на договорниот орган со образложение дека вредноста на понудата на автопревозникот /// била над проценетата вредност. Во пријавата е наведено дека во рамки на постапката за јавна набавка што била спроведена не било извршено јавно отворање на понудите, по што и електронското наддавање неосновано било презакажано.

Воедно, во пријавата е изразена загриженост за безбедноста на превозот на учениците којшто избраниот економски оператор /// е обврзан да го изврши, поради тоа што овој економски оператор наводно не го исполнил критериумот за капацитетот на

седиштата во возилото што резултира во претовар на ученици при извршувањето на превозот. Дополнително, во пријавата е наведено и дека овој економски оператор во 2020 година наводно не исполнил договорни обврски кои произлегувале од склучен договор за вршење на услуги за превоз на ученици, поради што требало да му биде издадена негативна референца, што не било сторено. Истовремено, изнесени се и наводи дека возач на избраниот економски оператор /// е лице кое е вработено во СОУ /// – ///.

Со цел проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК достави барања за прибирање информации до директорот на СОУ /// – /// и до градоначалникот на Општина ///.

Од увидот во податоците, информациите и документацијата доставени на барање на ДКСК утврдена е следната фактичка состојба:

Согласно документацијата за спроведениот јавен оглас доставена до ДКСК, на објавениот јавен оглас број / за јавната набавка на услуги за превоз на ученици од прва, втора, трета и четврта година за потребите на СОУ /// – ///, со вкупно десет дела на набавката, за превоз на ученици во 10 релации, се пријавиле два економски оператора. Во спроведената постапка за јавна набавка подносителот на пријавата до ДКСК - автопревозникот /// бил избран како најповолен економски оператор за шест дела од набавката, а економскиот оператор /// бил избран како најповолен економски оператор за четири дела од набавката.

На средба помеѓу директорот на СОУ /// – ///, градоначалникот на Општина /// и Комисијата за јавни набавки што ја спровела постапката по посочената јавна набавка, којашто била одржана по упатеното барање од ДКСК во рамки на нејзиното постапување по овој предмет, било констатирано дека постапката за јавното отворање кое било закажано за ///2022 година била спроведена согласно закон. Електронската аукција била презакажана за да се направи корекција на утврдена техничка грешка, но роковите биле запазени.

Во однос на забелешките што подносителот ги има во однос на неправилностите при извршување на превозот на ученици од страна конкурентскиот оператор, во одговорот доставен до ДКСК се наведува дека, за вакви наводи до училиштето и до општината до денот на доставување на одговорот не е поднесена ниедна жалба, поплака или слично од родител, од ученик или од полиција.

Од горенаведеното ДКСК цени дека подносителот на пријавата како учесник во постапката за јавна набавка, не ги искористил правните механизми пропишани со Законот за јавни набавки.

Во однос на наводите „преклопување на дејности во рамки на водењето на постапката по јавната набавка" односно возач на конкурентската фирма е вработен во СОУ /// – ///, ДКСК констатира дека подносителот на пријавата во истата не посочил конкретно лице и не навел дали тоа лице било вклучено во спроведувањето на јавната набавка. Следствено, ДКСК цени дека во отсуство на конкретни податоци, нема доволно елементи за постапување по овој навод.

Од горенаведеното ДКСК утврди дека наводите од пријавата не се потврдуваат и нема елементи за натамошно постапување, и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Доставено до:
- подносителот на пријавата

Изработил: А.Р.М.
Одобрил: Н.Б., член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**